# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## за настанатите значајни промени во финансискиот резултат во периодот јануари – јуни 2018 година

Во периодот јануари - јуни 2018 година **Друштвото** оствари вкупни приходи во висина од 178,1 милиони денари и вкупни расходи од 172,8 милиони денари при што оствари **добивка пред оданочување** од **5,3** милиони денари.

- Друштвото прикажа **добивка по оданочување** во висина од **4,4** милиони денари,  за разлика од минатата година кога во истиот период Друштвото оствари добивка од 13,0 милиони денари. Ваквиот резултат се должи на:
    - Стагнирање на оперативните приходи во услови на зголемување на приходи од продажба на домашен и намалување на приходи од продажба на странски пазар;
    - Зголемени оперативни расходи највеќе поради зголемената амортизација на возниот парк како резултат на процесот на зановување на истиот;
    - Зголемени количества на превезени нафтени деривати со вагон цистерни коишто се дадени под закуп со фиксен износ. Во изминатите години ваквиот транспорт се одвиваше во помал обем поради честите штрајкови на железниците како и поради честите санациии на определени делници на пругата. Зголемениот железнички транспорт од страна на закупецот, резултираше со намалување на користење на капацитетите на авто цистерните на Друштвото коишто остваруваат приход пресметан по цена за секој литар или килограм превезен нафтен дериват;
    - Зголемена цената на дизел нафтениот дериват како погонско гориво на возниот парк на Друштвото.
- Друштвото нема обврски по земени кредити;
- Друштвото ја остварува во целост планираната инвестициона програма.
- Во периодот јануари – јуни 2018 година нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на позициите во неревидираните финансиски извештаи на Друштвото;